**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.**08 - 91
22.02.**2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 5, член 20 став 1 алинеја 10 и член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 7 став 1 алинеја 8, член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година) и член 51 став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-889/12 од 22.02.2018 година, на својата 11-та седница, одржана на 22.02.2018 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип врз основа на податоци добиени од заинтересирано лице, дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и операторот на јавни електронски комуникациски мрежи Телекабел (Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип) се поврзани лица во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

2. Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во рок од 45 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

3. Оваа Одлука е конечна.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Барање за одземање на лиценца на Телевизија 24 Вести (наш бр.08-39 од 06.02.2018 година), во кое подносителот наведува дека: „на ден 28.01.2018 преку интернет порталот Мактел е објавено интервју со основачот и управител на Оператор на јавна комуникациска Телекабел, каде што дава јавен исказ дека е финансиер на ТВ 24 Вести и очекува профит."

Во прилог на Барањето доставена е и снимка во времетраење од 2 минути и 30 секунди од ова интервју, со следната содржина:

*"**Новинар:** Еве почитувани гледачи, како што ви најавив пред, во првото видео, чекав интервју, чекав средба со директорот на Телекабел, господинот Роберт Димитров и тој прифати средба. Јас сакам на*

*оваа средба, неколку работи коишто ги слушнав во јавноста да ги расчистиме дали се точни или не. Јас сум еден од новинарите коишто се многу љубопитни и сакам да ги разговарам со моите колеги оние таканаречени рекла-казала приказни што се слушаат низ градов, па сакам да провериме со вас, господине Димитров, фала ви за ова кратко интервју што прифативте. Прво сакам, пред што и да било да ве прашам, јавно, јас тоа сум го напишал во колумни, еве сега уште еднаш да ви се заблагодарам за вашата општествена одговорност што со од ваш џеб финансиравте телевизија којашто ја кажуваше вистината во време кога сите се плашеа да го направат тоа. И не само што се плашеа туку зимаа пари од владата за да го лажат народот а вие дававте свои пари за телевизија којашто генерираше загуби, бидејќи тогаш сите се плашеа за да се рекламираат на критичните телевизии. И уште еднаш еве ви гледам во очи за да ви се заблагодарам за тоа што го направивте.*

***Роберт Димитров:*** *Благодарам и на вас. Инаку 24 Вести, тоа не е тајна, Телекабел ја поддржува сите овие шест години. Иако работеше со минус, многу сум среќен што направивме бренд, пред се, на кој граѓаните му веруваат и е докажано дека по доверба е број еден последните три години. Број еден по доверба, не по големина. Да, претходната власт можда и правеше некои притисоци со тоа што, не е тајна дека инспекцијата, односно доваѓаше и прашањата односно беа зашто се даваат позајмици дека Телекабел ја помагаше таа телевизија и нормално со цел дека еден ден ќе работи позитивно и тие пари ќе ни се вратат. И опстанавме и сега телевизијата си работе позитивно. Тоа е аустриска, аустриски партнер, односно мој позанник кој ја има на негово име, и така.*

***Новинар:*** *И се надевате дека набрзо може и ќе направи профит, таа телевизија?*

***Роберт Димитров:*** *Па, набрзо нема да може затоа што има големи загуби, но не е се во профитот.*

***Новинар:*** *Значи вие сакавте пред се да има некој бизнисмен што ќе биде малку пргав и ќе пркоси на минатата власт, но токму и заради тоа го правиме ова интервју.“*

Имајќи го предвид сето погоренаведено, потребно е да се преземат активности за да се обезбедат релевантни материјални докази за да може до крај да се испита основаноста на сознанијата за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, односно да се испита дали ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и операторот на јавни електронски комуникациски мрежи Телекабел (Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип) се поврзани лица во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

Согласно член 43 од цитираниот закон, доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена и не подолг од 45 дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Следствено на наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 5, член 20 став 1 алинеја 10 и член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 7 став 1 алинеја 8, член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година) и член 51 став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-889/12 од 22.02.2018

година, одлучи да се поведе постапка по службена должност за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, врз основа на податоци добиени од заинтересирано лице дека операторот на јавни електронски комуникациски мрежи Телекабел (Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип) и Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, се поврзани лица во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17). ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во рок од 45 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Врз основа на погоренаведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:

- Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.